ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 21/26



10.11.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНА ОБЛАСТ ОРАЛНА МЕДИЦИНА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА (3.05.01.07) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Со одлука од 248 седница на Наставно научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје, одржана на 25.09.2026 година, формирана е комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научна област Орална Медицина и Пародонтологија (3.05.01.07) во состав:

- Проф. д-р Ана Миновска, редовен професор во пензија, област Орална Медицина и Пародонтологија, Факултет за Медицински Науки, Универзитет Гоце Делчев во Штип, претседател;
- Доц. д-р Михајло Петровски, доцент, област Орална Медицина и Пародонтологија, Факултет за Медицински Науки, Универзитет Гоце Делчев во Штип, член;
- Проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска, редовен професор, област Орална Хирургија, Стоматолошки Факултет, Универзитет Кирил и Методиј во Скопје, член.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија, на Наставно научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европскиот универзитет Република Македонија – Скопје му го поднесува следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс на Факултетот дентална медицина во состав на Европскиот Универзитет Република Македонија - Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научна област: Орална медицина и Пародонтологија (3.05.01.07), се пријави само кандидатот: Д-р. Јована Шушак др.сци.

Кандидатката ги приложи следниве документи: 1. Пријава; 2. Диплома за завршен трет циклус на студии; 3. Диплома за завршен втор циклус на студии; 4. Диплома за завршен прв циклус на студии; 5. Биографски податоци со анализа на професионалниот развој; 6. Список и примерок на објавените трудови; 7. Потврда дека се служи со еден странски јазик; 8.Уверение за државјанство,

Врз основа на поднесената пријава, како и врз приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р. Јована Митиќ е родена на 16.09.1987 година во Скопје. Основно образование завршува во Скопје. Во 2002 година се запишува во средно медицинско училиште „ Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, отсек забен техничар, истото го завршува во 2006 година со просечен успех 5.00. Во истата година започнува со студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломира во 2011 година со просечен успех 8.5 со што се здобива со титулата Доктор по општа стоматологија. Со работна лиценца се стекнува по предвиденото стажирање и положување на државниот испит во 2012 година. Од 2014 до 2017 година работи во Санте Плус Стоматологија во Скопје. Во 2016 година се запишува на магистерски студии на Стоматолошкиот факултет. Од 2018 до 2021 година работи во ординација по општа стоматологија „Молар Дент” во Скопје. Од 2021 година до 2026 година работи во ординација по општа стоматологија „Гуда Дент” во Скопје. Во 2026 година се вработува во ординацијата по општа стоматологија „Каракамчев Дентал Центар” во Скопје. Во 2019 година магистрира на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје со просечен успех 9.9. Во 2019 година се запишува на специјализација по пародонтологија и на трет циклус на студии по областа на оралната медицина и пародонтологија на горенаведениот факултет. Во 2022 година ги завршува докторските студии со просечен успех 10 и се здобива со титулата доктор на науки. Во 2024 година ги завршува специјалистичките студии по пародонтологија.

1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ:

- Има завршено прв циклус шестгодишни студии по дентална медицина (со просечен успех 8,50 и 360 ЕКТС)
- Има завршено втор циклус студии по дентална медицина (Стоматолошка протетика со просечен успех 9.90 и 90 ЕКТС);
- Кандидатот е доктор на стоматолошки науки од областа на Орална Медицина и Пародонтологија со завршен трет циклус на студии со просечен успех 10,00 и 180 ЕКТС;
- Кандидатот објавил четири (4) научни трудови со оригинални научни резултати во референтна научна публикација во последните 5 години.

	Автор	Наслов на трудот	Списание	Година на излегување
1.	**Murdzeva, Angela and Susak, Zoran and Velichkovski, Boris and Susak, Jovana and Batkoski, Nebojsha and Veljanovski, Darko.**	*Use of alloplastic bone graft in immediate implant placement with simultaneous contour augmentation – case report*	Journal of Dentistry Apolonia, 60-61 (11). pp. 90-100. ISSN 1409-8768 (Print)	**(2025)**
2.	**Mitikj,Jovana and Kaftandzieva, Ana and Georgieva, Silvana and Stefanovska Leveska, Emilija and Ristoska, Stevica and Susak,Zoran and Mitik, Kristina.**	*Comparative Analysis of Microbial Accumulation on Different Types of Suture Materials in Periodontal Surgery and Implantology.*	Macedonian Dental Review, 1 (46). pp. 1-5. ISSN 2545-4757	**(2023)**
3.	**Susak,Zoran and Popovski, Vladimir and Baftijari, Denis and Mitikj, Jovana**	*Evaluation of the Efficiency of Botox Therapy in a Patient With Unilateral Idiopathic Neuralgy on the Trigeminal Nerve*	Macedonian Dental Review, 45 (4). pp. 147-150. ISSN 2545-4757	**(2022)**
4.	**Videski Ilija., Shushak Zoran., Shushak Jovana., Karakamchev Andrej., Olumchev Ivan., Arsovski Andon.**	*Review of Current Evidence for PRP and PRF in Oral Surgery: A Literature Review*	Journal of Dentistry Apolonia, 62-63 (12). pp.107-121. ISSN 1409-8768 (Print)	**(2026)**

- Кандидатот поседува потврда за познавање на странски јазик – англиски јазик;
- Кандидатот има способност за изведување високо образовна дејност.

2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР:

- Кандидатот е специјалист од областа на Пародонтологија;
- Кандидатот има значајни достигнувања во примената на стручните и научноистражувачките резултати;
- Кандидатот има препорака од 2 (два) професора од соодветната област за која се врши изборот.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност:

Д-р Јована Шушак врши стручна дејност – специјалист по Орална Медицина и Пародонтологија. Кандидатот има активна лиценца за работа. Стручно се усовршува уште во текот на студирањето и до денес има реализирано неколку студиски престои во повеќе европски и светски центри. Автор и коавтор е на 8 (8) трудови, објавени во научни и стручни стоматолошки и медицински списанија, а свои излагања има и на бројни конгреси и стручни состаноци во земјава и во странство.

Објавени трудови и научно истражувачка дејност:

1. Shushak Z, Popovski V, **Mitikj J**, Veljanovski D. THERAPEUTICAL PROCEDURES IN PATIENTS WITH TRIGEMINAL NEURALGIA. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757; 43 (2): 60-66, 2020.

Евалуација на трудот: Во овој труд е направен систематски преглед на литературата и истражен исходот од различните видови на терапевтски процедури кај пациенти со тригеминална неуралгија. Конзервативната терапија со антиепилептични лекови, индивидуализирана доза на CARBAMAZEPIN се уште е златен стандард во третманот. Комбинираната терапија, не прави значајна разлика во третманот на тригеминалната неуралгија во споредба со монотерапијата, а употребата на алтернативни терапии во форма на третман со ботулински токсин бара дополнителни студии за да се одреди точната доза и временскиот период на дејство на лекот.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

2. Shushak Z, Popovski V, **Mitikj J**, Kovacevska G, Stavreva N. BOTOX TREATMENT OF TRIGEMINAL NEURALGIA. VOX DENTARII- No 45, 2020.

Евалуација на трудот: Како цел на овој труд е евалуација на бенефитите и компликациите од употребата на Botox (botulinum toxin type A), како алтернативен третман кај пациентите со тригеминална неуралгија. Од добиените резултати авторите заклучуваат дека Botox третманот е безбеден и ефективен при менаџмент на болката, со благи и минливи компликации.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

3. **Mitikj** J, Georgieva S, Shushak Z. BACTERIAL ACCUMULATION ON DIFFERENT TYPES OF SUTURE MATERIALS IN PARODONTAL SURGERY AND IMPLANTOLOGY. A REVIEW OF LITERATURE. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2020; 43 (2): 60-66.

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд даваат преглед на најчесто користените материјали за сутура во пародонталната хирургија и во имплантологијата, како и на разликите во бактериската акумулација кај соодветните материјали. Реакциите на ткивата се разликуваат во зависност од површината на материјалите и бактериската адхеренција кон истите. Silk покажува слаби резултати по клиничките и параклиничките параметри. Материјалите како Nylon и Polypropylen го превземаат приматот за користење при нересорптивните материјали, а од страна на ресорптивната палета на материјали за сутурирање Vicryl, Monocryl и Polyglycolic acid се материјали на избор кои даваат солидни и задоволувачки резултати.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

4. **Mitikj J**, Shushak Z,Veljanovski D, Baftijari D, Dimovski I. USE OF ENAMEL MATRIX DERIVATIVE (EMDOGAIN) IN PERIODONTAL REGENERATIVE AND PLASTIC SURGERY. A REVIEW OF LITERATURE. VOX DENTARII- No 49, 2021.

Евалуација на трудот: Авторите ја презентираат ефикасноста на дериватот на емајловиот матрикс (Emdogain) при третман на интракоскени дефекти, класа II фуркациони дефекти на мандибулата со минимален интерпроксимален губиток на коскената маса и гингивални рецесии. Пародонтолозите можат да имаат бенефит при лекувањето со напреднатите пародонтални терапии, вклучувајќи ја употребата на Emdogain.

Трудот има стручно-апликативно значење.

5. Murdzeva A, Susak Z, Velichkovski B, **Susak J**, Batkoski N and Veljanovski D. USE OF ALLOPLASTIC BONE GRAFT IN IMMEDIATE IMPLANT PLACEMENT WITH SIMULTANEOUS CONTOUR AUGMENTATION – CASE REPORT, Journal of Dentistry Apolonia, 60-61 (11). pp. 90-100. ISSN 1409-8768 (Print), 2025

Евалуација на трудот: Авторите ја презентираат ефикасноста на користењето на алопластичниот коскен графт (EthOss), при имедијантно имплантирање. Добиените и евалуирани резултати ја потврдуваат успешноста на овие материјали како безбеден и ефективен графтинг треман.

Трудот има стручно-апликативно значење.

6. Shushak Z, Popovski V, **Mitikj J**, Baftijari D. EVALUATION OF THE EFFICIENCY OF BOTOX THERAPY IN A PATIENT WITH UNILATERAL IDIOPATIC NEURALGY ON THE TRIGEMINAL NERVE. Македонски стоматолошки преглед. 45 (4). pp. 147-150. ISSN 2545-4757, 2022

Евалуација на трудот: Како цел на овој труд е евалуација на бенефитите и компликациите од употребата на Botox (botulinum toxin type A) кај пациент со најтешка форма на унилатерална тригеминална неуралгија која ги ефектира 3 гранки на тригеминалниот нерв. Од добиените резултати авторите заклучуваат дека Botox третманот е безбеден и ефективен при менаџмент на болката, со благи и минливи компликации дури и кај пациенти во терминален стадиум.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

7. **Mitikj, Jovana** & Kaftandzieva, Ana & Georgieva, Silvana & Stefanovska Leveska, Emilija & Ristoska,Stevica & Susak,Zoran & Mitik, Kristina. COMPARATIVE ANALYSIS OF MICROBIAL ACCUMULATION ON DIFFERENT TYPES OF SUTURE MATERIALS IN PERIODONTAL SURGERY AND IMPLANTOLOGY. Македонски стоматолошки преглед. 1 (46). pp. 1-5. ISSN 2545-4757, 2023

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд даваат преглед на најчесто користените материјали за сутура во пародонталната хирургија и во имплантологијата, како и на разликите во бактериската акумулација кај соодветните материјали. Реакциите на ткивата се разликуваат во зависност од површината на материјалите и бактериската адхеренција кон истите. Silk покажува слаби резултати по клиничките и параклиничките параметри. Материјалите како Nylon и Polypropylen го превземаат приматот за користење при нересорптивните материјали, а од страна на ресорптивната палета на материјали за сутурирање Vicryl, Monocryl и Polyglycolic acid се материјали на избор кои даваат солидни и задоволувачки резултати.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

8. Videski Ilija., Shushak Zoran., **Shushak Jovana**., Karakamchev Andrej., Olumchev Ivan., Arsovski Andon. REVIEW OF CURRENT EVIDENCE FOR PRP AND PRF IN ORAL SURGERY: A LITERATURE REVIEW. Journal of Dentistry Apolonia, 62-63 (12). pp.107-121. ISSN 1409-8768 (Print), 2026

Евалуација на трудот: Како цел на овој труд е евалуација на бенефитите и компликациите од употребата на PRP и PRF во орално хирушките процедури. Од добиените резултати авторите заклучуваат дека PRP и PRF третманот е безбеден и ефективен при менаџмент на болката и подобрено примарно заздравување на оперативната рана.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

Член на организациски или научен одбор на научен собир:

Д-р. Јована Шушак е член на организациски и научни одбори на повеќе национални и меѓународни симпозиуми, конференции и конгреси и тоа : Член во советот на Балканското стоматолошко друштво (BaSS), копретседател е на организациониот одбор на (BaSS) 2023, коорганизатор на настани на ITI Study Club Skopje 2024, 2025, 2026, коорганизатор на настани на ДДДММ (Друштво на Доктори по Дентална Медицина на Македонија) 2022, 2023, 2024, 2025, 2026.

Студиски престои во странство, меѓународни проекти, обуки, курсеви и сертификати:

- 3Д Блок техника на коскена регенерација со Д-р. Мишел Џакоти, *2013 Монтагнана, Италија*;
- Тридневен сеопфатен хируршки и протетски курс со Straumann tissue and bone level импланти со Проф. Алекса Марковић, *2014 Скопје, Македонија*;

- Напреднат курс по орална имплантологија "Аугментациони техники" со Проф. Алекса Маркович, *2016 Скопје, Македонија*;
- Курс по композитни ламинати со Стефан Лампл, *2016 Скопје, Македонија*;
- Специјален курс за дермални филери, *2016 Скопје, Македонија*;
- Интернационален симпозиум по дентална естетика, *2016 и 2018 Белград, Србија*;
- Меѓународен дентален саем, *2017 и 2019 Келн, Германија*;
- Сеопфатен имплантолошки курс со Straumann имплантолошки систем (хируршки и протетски), *2017 Загреб, Хрватска*;
- 26-ти годишен конгрес на европската асоцијација за остеоинтеграција, *2017 Мадрид, Шпанија*;
- Програм за континуирана едукација на универзитетот во Берн со Проф. Антон Схулеан, *2021 Берн, Швајцарија*;
- Euro Perio 10, *2022 Копенхаген, Данска*;
- Мастер курс: естетски исходи при имплантна терапија со Др. Снежана Пол, *2023 Крк, Хрватска*;
- Регенерација на пародонтални дефекти и менаџмент на меки ткива со Проф. Серхат Аслан, *2024 Скопје, Македонија*

Пленарни предавања на стручни собири:

- Употреба на деривати на емајлови матрикс протеини во пародонталната регенеративна и пластична хирургија , 2022 Скопје, Македонија, ДДДММ;
- Употреба на биоматеријали во пародонтологијата и имплантологијата, 2022 Бања Лука, Р. Српска, УСРС;
- Трендови во имплантологијата и пародонтологијата, Предизвици и иновации, 2023 Гевгелија, Македонија, МИЗ;
- Минимално инвазивен пристап во хируршки третман на интракоскени дефекти, 2023 Истанбул, Турција, БАСС;
- Импланти при недостаток на еден заб: можности наспроти веројатности, 2024 Будва, Црна Гора БАСС;
- Импланти во естетската зона, 2024 Белград, Србија, ДЕНТИ;
- Водена коскена регенерација 2024, Белград, Србија, БАСС
- Водена коскена регенерација, 2025 Скопје, Македонија, ДДДММ.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научноистражувачката работа на Д-р. Јована Шушак, од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во нејзините трудови пред изборот во наставно научно звање доцент, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на факултетот за Дентална Медицина во состав на Европскиот универзитет Република Македонија – Скопје, да го избере кандидатот Д-р. Јована Шушак во звање ДОЦЕНТ на Факултетот за Дентална Медицина во состав на Европскиот универзитет Република Македонија- Скопје по предметот Орална Медицина и Пародонтологија (3.05.01.07).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Претседател:
Проф. д-р Ана Миновска

Член:
Доц. д-р Михаило Петровски

Член:
Проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска

Датум: